Врз основа на Предлог Одлуката бр.0202/334 од 25.05.2023 година на Управниот одбор на Институтот, а вв со член 19 став 1 точка 8 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители и член 17 став 12 точка 18 од Законот за вршење сметководствени работи (Службен Весник бр.173 од 01.08.2022 година) Собранието на Институтот на седницата одржана на ден 20.06.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
# ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ ПОСЕТЕНА ОБУКА КАКО КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

**Член 1**

Со оваа одлука Институтот на сметководители и овластени сметководители врши признавање и евидентирање на посетените обуки од страна на членовите на Институтот на сметководители и овластени сметководители за време на истечената акредитација од ИЦЦ НК за Република Македонија на друштвата кои давале услуги за советување и едукација од областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното управување и работните односи за спроверување на континуирано професионално усовршување сметано од 01.06.2021 заклучно со 31.12.2022 година.

**Член 2**

На членовите на Институтот на сметководители и овластени сметководители **ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ И ЕВИДЕНТИРААТ ЧАСОВИТЕ НА ПОСЕТЕНИ ОБУКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.06.2021 ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2022 ГОДИНА КАКО КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ.**

**Член 3**

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното усвојување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија.

Претседавач на Собрание
-име и презиме-